РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2016 година

# СОДРЖИНА

Резиме ....2

I. Реален сектор

Индустриско производство ....3

Број на работници во индустријата ....4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ....4

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ....5

Инфлација ....6

Берзански цени ....7

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ....8

Увоз ....9

Салдо на трговска размена ....10

Валутна структура .... 11

3. Фискален сектор

Буџетски приходи .... 11

Буџетски расходи ....12

Буџетско салдо ....13

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ....13

Плати ....14

Пензии ....15

5. Монетарен сектор

Примарни пари ....16

Депозитен потенцијал ....16

Кредити на банките ....17

Каматни стапки на депозитни банки ....18

Пазар на капитал ....18

Девизни резерви ....18

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

септември, 2016 година

- Индустриското производство во септември 2016 година во споредба со септември 2015 година забележа раст од 4,6%;

- Потрошувачките цени во септември 2016 година се зголемија за 0,2% во однос на септември 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,3% во август 2016 година;

- Во периодот јануари - септември 2016 година извозот забележа раст од 6,1%, а увозот од 6,3%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 7%, споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - септември 2016 година изнесуваа 125.821 милион денари, што претставува поголемо остварување за 7,1% во однос на истиот период 2015 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 134.915 милиони денари, што е за 2,7% повеќе во однос истиот период 2015 година;

- Вкупните кредити на банките забележаа раст од 2,5% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките раст од 4%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Во септември 2016 година индустриското производство забележа раст од 4,6% во споредба со септември 2015 година. Анализирано по сектори, раст е забележан во сите сектори, и тоа: Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 21,5%, Преработувачка индустрија од 4,7% и Рударство и вадење камен од 0,3%.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во септември 2016 година има гранката Производство на моторни возила, приколки и полуприколки (3,2 процентни поени), а најголем негативен придонес има гранката Производство на хемикалии и хемиски производи (-1,2 процентни поени).

На кумулативна основа, индустриското производство во периодот јануари-септември 2016 година во однос на истиот период во 2015 година забележа раст од 5,4%. Раст е забележан во секторот Преработувачка индустрија од 8,6%, додека пад има кај секторите: Рударство и вадење камен од 8,2% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 7,2%.




Податоците за индустриското производство по наменски групи во септември 2016 во однос на септември 2015 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 72,4%, Капитални производи од 26,7% и Енергија од 6,2%. Намалување на производството е забележано кај групите: Нетрајни производи за широка потрошувачка од 2,3% и Интермедијарни производи, освен енергија од 1,0%.

На кумулативна основа, во периодот јануари-септември 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст е забележан во групите: Капитални производи од 35,4%, Трајни производи за широка потрошувачка од 23,8% и Интермедијарни

производи, освен енергија од 0,8%. Пад е забележан единствено кај групата Енергија од 7,7%. Производството во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка остана непроменето.

## Број на работници во индустријата

Во септември 2016 година бројот на работници во индустријата забележа пад од 0,9% на годишно ниво. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,2%. Во секторите Рударство и вадење камен и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан раст од 2,7% односно 0,3%.




На кумулативна основа, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - септември 2016 во споредба со истиот период претходната година е зголемен за 0,5%. Раст е забележан во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 1,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 1,1% и Преработувачка индустрија од 0,3%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во септември 2016 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи од 7,0%, Трајни производи за широка потрошувачка од 3,9%, Енергија од 2,4% и Интермедијарни производи, освен енергија од 0,7%. Пад е забележан единствено кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,2%.

На кумулативна основа, во првите девет месеци од 2016 година во однос на истиот период во 2015 година раст на бројот на работници е забележан во групите: Капитални производи од 12,1%, Интермедијарни производи, освен енергија од 2,6%, Енергија од 1,9% и Трајни производи за широка потрошувачка од 1,3%. Намалување на бројот на работници е забележан во групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 3,3%, соодветно.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во септември 2016 година е поповолна во однос на претходниот месец, а многу поповолна во однос на септември 2015 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во септември изнесува 65,6%, што претставува зголемување во однос на август 2016 година, кога изнесувало 65,1%. Споредено со истиот месец претходната година, искористеноста на капацитетите е повисока за 1,7 п.п..

Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во септември 2016 година имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,2%, недоволната домашна побарувачка со 18,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 15,0%, неизвесното економско окружување со 9,9%, финансиските проблеми со 7,9% и конкурентниот увоз со 6,0%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во септември во однос на претходниот месец е поповолна, очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци се речиси на исто ниво како во претходниот месец, додека залихите на готови производи се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во септември 2016 година издадени се 297 одобренија за градење, што претставува намалување од 6% споредено со септември 2015 година. Во однос на претходниот месец, кога биле издадени 249 одобренија за градење, бројот на издадени одобренија за градење се зголемил за 19,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во септември 2016 година е зголемена за 21,7% споредено со истиот месец претходната година. На месечна основа, вредноста на објектите се зголемила за 96,7%.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 196 (или 66%) се наменети за објекти од високоградба, 23 (или 7,7%) за објекти од нискоградба и 78 (или 26,3%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 297 издадени одобренија за градба, на 203 објекти (или 68,4%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 94 објекти (или 31,6%) инвеститори се деловни субјекти.




Во септември 2016 година предвидена е изградба на 1.009 стана, со вкупна корисна површина од 78.143 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на годишна основа е зголемен за 1,7 пати (168,4%), а во однос на август 2016 година бројот на предвидени станови е зголемен за 2,7 пати (265,6%)

## Инфлација

Потрошувачките цени во септември 2016 година се зголемија за 0,2% во однос на септември 2015 година, по годишниот пад на цените од 0,3% во август 2016 година. Просечната стапка на инфлација во првите девет месеци од 2016 година изнесува -0,3%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во септември забележа годишен пад на цените од 1,1%, главно како резултат на намалените цени во поткатегориите Овошје од 7,2% и Масло и масноти од 4,2%.




Годишен пад на цените во септември е регистриран и во категориите: Останати стоки и услуги од 1%, Здравје од 0,6% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Највисок годишен раст на цените е забележан во категоријата Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,9%, следена со порастот на цените во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 3,8%, Комуникации од 1,4%, Облека и обувки од 1,2%, Ресторани и хотели од 1,1%, Рекреација и култура и Транспорт од по 0,5% и Образование од 0,2%.




Потрошувачките цени во септември 2016 година се зголемија за 0,2% во однос на претходниот месец. Зголемување на цените е забележано во категориите: Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 1%, Храна и безалкохолни пијалаци и Транспорт од по 0,4%, Останати стоки и услуги од 0,2% и Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици и Домување, вода, електрика, гас и други горива од по 0,1%. Цените во категоријата Комуникации останаа непроменети.

Пад на цените на месечна основа е регистриран во категориите: Рекреација и култура од 1,1%, Здравје од 0,4%, Облека и обувки и Ресторани и хотели од по 0,3%, и Образование од 0,2%.

Цените на мало во септември 2016 година во однос на истиот месец претходната година се зголемени за 0,5%, додека споредено со претходниот месец се намалија за 0,2%. Цените на мало во првите девет месеци од 2016 година се пониски за 0,4%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во септември 2016 година се зголеми за 0,1% споредено со претходниот месец и изнесуваше 46,2 долара за барел. На годишно ниво, цената на нафтата бележи намалување од 2,2%. Цената на природниот гас во септември во однос на август 2016 година се зголеми за 1,5%.




Што се однесува до металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, во септември 2016 година се тргуваше со просечна цена од 10.176 долари за еден метрички тон ($/мт) и во однос на претходниот месец бележи намалување на цената од 1,6%. Во споредба со септември 2015 година, цената на никелот се зголемила за 2,4%. Во септември, месечно намалување на цената се забележува и кај алуминиумот, чијашто цена се намали за 3,1% и кај бакарот за 0,7%. Цената на останатите основни метали бележи месечно зголемување во септември. Така, цената на оловото се зголеми за 5,7%, на калајот за 5,6% и на цинкот за 0,4%. Цената на железната руда во септември, споредено со август 2016 година се намали за 4,9%.



Во септември, благородните метали забележаа месечно намалување на цените. Така, цената на платината се намалила за 6,7%, на среброто за 1,2% и на златото за 1,0%.

Цената на пченката на светските берзи во септември, споредено со август 2016 година, се намали за 1,2%, додека цената на пченицата се зголеми за 1,0%. Цената на јагнешкото месо во септември споредено со претходниот месец се зголеми за 3,5%.

## *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите девет месеци од 2016 година изнесува 7.626,8 милиони евра, што претставува раст од 6,2% во однос на истиот период минатата година.




Во периодот јануари – септември 2016 година најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 70,5%, што претставува зголемување од 2 п.п. во однос на истиот период претходната година.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - септември 2016 година изнесува 3.178,1 милион евра и бележи раст од 6,1% (181,3 милиони евра) во однос на истиот период во 2015 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 6,3%.

Вредноста на извезените стоки во септември 2016 година изнесува 381 милион евра и бележи раст од 3,7% (13,6 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намалил за 12,2%.

Анализирано на месечно ниво, во септември 2016 година извозот бележи раст од 7,8% (27,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен пад од 3,6%.




Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари -

септември 2016 година се: хемиски материи и производи, облека, железо и челик, пијалаци и тутун, метална руда и отпадоци од метал и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 48,9% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – септември 2016 година споредено со истиот период од 2015 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 28, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави, додека пад има кај групациите: ЕФТА, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион. Извозот во ЕУ 28 бележи раст од 11% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан раст од 6,4%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 80,5% и 12,2% соодветно.




Учество на стоките по економска намена во вкупниот извоз на Република Македонија во периодот I-IX-2016 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари – септември 2016 година изнесува 4.448,6 милиони евра и бележи раст од 6,3% (264,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2015 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 3,2%.

Вредноста на увозот во септември 2016 година изнесува 508,3 милиони евра, што претставува зголемување за 10,5% (48,3 милиони евра) во однос на истиот месец од 2015 година, а увезените количини стоки се намалени за 30,3%.




Учество на стоките по економска намена во вкупниот увоз на Република Македонија во периодот I-IX-2016 година (во %); Извор ДЗС и пресметки на МФ

Анализирано на месечно ниво, во септември 2016 година увозот бележи пад од 0,2% (1,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен пад од 8%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 44,6 | 71,6 | 27,0 | 60,7 |
| Мил. ЕУР | 24,7 | 26,3 | 1,6 | 6,3 |
| Мил.$ | 27,5 | 29,4 | 1,9 | 6,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 685,9 | 765,8 | 79,9 | 11,7 |
| Мил. ЕУР | 316,7 | 265,1 | -51,6 | -16,3 |
| Мил.$ | 352,3 | 296,1 | -56,2 | -15,9 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 11,9 | 11,8 | -0,1 | -1,2 |
| Мил. ЕУР | 569,6 | 647,0 | 77,4 | 13,6 |
| Мил.$ | 634,1 | 722,5 | 88,4 | 13,9 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 23,4 | 22,6 | -0,8 | -3,4 |
| Мил. ЕУР | 89,7 | 124,6 | 34,9 | 38,9 |
| Мил.$ | 99,6 | 139,2 | 39,6 | 39,7 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 443,2 | 474,7 | 31,5 | 7,1 |
| Мил. ЕУР | 414,4 | 299,0 | -115,4 | -27,8 |
| Мил.$ | 460,4 | 334,0 | -126,4 | -27,5 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - IX - 2015 | I - IX - 2016 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 451,8 | 609,3 | 157,5 | 34,9 |
| Мил. ЕУР | 213,9 | 237,3 | 23,5 | 11,0 |
| Мил.$ | 237,5 | 265,0 | 27,4 | 11,5 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите девет месеци од 2016 година, трговскиот дефицит се зголеми за 7% односно 83,6 милиони евра споредено со истиот период минатата година.




Во септември 2016 година трговскиот дефицит се зголеми за 37,5% односно 34,7 милиони евра споредено со септември минатата година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки, стоки за инвестиции без транспортна опрема и стоки за широка потрошувачка, додека во спротивна насока дејствуваше стеснувањето на негативното салдо во размената со горива и мазива, транспортна опрема и храна и пијалаци.

Во периодот јануари – септември 2016 година 87,9% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина, Грција и Србија, а потоа следуваат: Турција, Италија, САД, Романија, Унгарија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и БиХ.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 86,7% од трговската размена во периодот јануари - септември 2016 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2015 година претставува зголемување од 5,2 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 92,8% и 82,3%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 5,3 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 5,1 п.п. во однос на периодот јануари – септември 2015 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - IX - 2015 | | | | | I - IX - 2016 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 2.508,6 | 3.230.963.870 | 61,5973 | 199.018.650.811 | 77,2 | 3.297,4 | 3.660.640.715 | 61,6287 | 225.600.528.432 | 82,3 | 429.676.845 | 13,3 |
| УСД | 1.997,0 | 998.835.454 | 55,2438 | 55.179.466.059 | 21,4 | 1.062,5 | 830.466.621 | 55,2425 | 45.877.052.338 | 16,7 | -168.368.833 | -16,9 |
| ГБП | 4,9 | 15.695.541 | 84,6953 | 1.329.338.552 | 0,5 | 4,0 | 13.898.239 | 77,0393 | 1.070.710.588 | 0,4 | -1.797.302 | -11,5 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 4.510,5 | | | 255.527.455.421 | 98,6 | 4.364,0 | | | 272.548.291.358 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 4.518,4 | | | 257.732.371.845 | 100,0 | 4.374,5 | | | 274.167.433.486 | 100,0 | | 6,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2016 година изнесуваа 125.821 милион денари, односно 21,7% од БДП, што претставува поголемо остварување за 7,1% во однос на истиот деветмесечен период од 2015 година.




Даночните приходи во периодот јануари – септември се реализирани во износ од 73.835 милиони денари, односно 12,7% од БДП и во однос на истиот период во 2015 година се зголемени за 9,6%.

Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 34.956 милиони денари и забележа зголемување од 14,1% во однос на истиот период од 2015 година, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 47,3%. Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз кој забележува поголемо остварување за 8,1% додека ДДВ од прометот во земјата забележува зголемување од 10,9%. ДДВ од донации, чие учество е незначително, забележува помало остварување за 88,6%.

Приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 9.992 милиона денари и забележува раст од 10,8% на годишна основа, при што речиси 2/3, односно 66,8% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 7,5% од приходи од капитал, 6,7% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 6,0% од приходи по основ на договор на дело, 3,5% од приходи од имот и имотни права и 2,1% од приходи од земјоделство и шумарство. Приходите од данокот од добивка во овој деветмесечен период за 2016 година изнесуваа 8.234 милиони денари и забележаа намалување од 14,2% во однос на истиот период претходната година.

Акцизите се остварени во износ од 16.712 милиони денари (учество од 22,6% во даночните приходи) и забележаа поголемо остварување од 15,1% во однос на истиот период минатата година. Приходите од царина беа остварени во износ од 3.521 милион денари и забележаа зголемување од 12,1%.

Приходите од други даноци со остварен износ од 420 милиони денари забележаа помало остварување за 14,3% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 36.874 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 5,5% споредено со истиот период од 2015 година, при што наплатата кај придонесите за пензиско осигурување е повисока за 5,5%, кај придонесите за здравствено осигурување за 5,5% и кај придонесите за вработување за 5,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 9.540 милиони денари и во однос на истиот деветмесечен период во 2015 година забележаа поголемо остварување за 2,0% (во овие приходи се приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди; се остварија во износ од 1.695 милиони денари, што претставува помало остварување за 13,9% во однос на истиот период претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 2.441 милион денари, односно се зголемија за 9,1% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – септември 2016 година изнесуваа 134.915 милиони денари, односно 23,3% од БДП, што е за 2,7% повеќе во однос на истиот период од 2015 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 124.044 милиони денари учествуваа со 91,9% (учество од 21,4% во БДП) и се зголемени за 3,4% во однос на истиот период во 2015 година.

Средствата за плати и надоместоци беа реализирани во износ од 19.378 милиони денари, односно нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 14,4% и во однос на 2015 година се зголемени за 5,5%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 11.134 милиони денари и споредено со истиот период лани забележаа намалување од 14,0%.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 88.736 милиони денари (15,3% од БДП). Средствата за трансфери забележаа зголемување од 6,1% споредено со истиот период во 2015 година и истите учествуваа со 65,8% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 66.442 милиони денари, забележаа раст од 8,0% и учествуваа со 49,2% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот

за пензиско и инвалидско осигурување, кои зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 40.734 милиони денари, се зголемија за 9,5% споредено со истиот деветмесечен период од 2015 година и учествуваат со 30,2% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 15,9%, односно забележаа зголемување од 1,3%, споредено со истиот период минатата година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 11.096 милиони денари забележаа зголемување од 2,2%, во споредба со истиот период претходната година. Субвенциите и трансферите со учество од 6,6% во вкупните расходи беа остварени за 1,2% помалку .

Средствата за каматни расходи изнесуваат 4.796 милиони денари, што е намалување од 3,7% во споредба со истиот период од 2015 година. Расходите за камати од домашно задолжување беа намалени за 10,6%, додека каматите од странско задолжување беа зголемени за 1,2% во споредба со истиот период претходната година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 10.871 милион денари со структурно учество од 8,1% во вкупните расходи (1,9% учество во БДП), односно забележаа помала реализација за 4,3% во споредба со истиот период лани.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – септември 2016 година во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 9.094 милиони денари, што претставува 1,6% од БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 8.213 милиони денари што претставува 1,4% од БДП.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ

Во периодот јануари – септември 2016 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 138.912 нови засновани работни односи. Вкупниот број нововработени во овој период е повисок за 0,8% во однос на истиот период од 2015 година.

Од вкупниот број нововработени, 45,4% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број



засновани нови работни односи во септември 2016 година 22,7% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица изнесува 199.146, од кои 103.646 се активни баратели на работа, а 95.500 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е намален за 6,8%.




Најголем дел од невработените лица (67,5%) се градско население, а според полова структура 59,0% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 55,4% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,8% се со завршено средно образование, додека 14,8% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,3% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 54,4% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,1% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во август 2016 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,2%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (10,1%), Административни и помошни услужни дејности (6,6%) и Преработувачка индустрија (4,3%). Реалните плати во август забележаа годишен раст од 2,2%.




Просечната номинална бруто-плата во август 2016 година оствари годишен раст од 1,9%, а во однос на претходниот месец е пониска за 0,1%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Градежништво (10,9%), Административни и помошни услужни дејности (6,1%)

и Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување (4,5%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 2,3%.




Процентот на вработени што примиле плата во август 2016 година изнесува 1,2% и е непроменет во однос на истиот месец претходната година, а е за 0,4 п.п. понизок во однос на јули 2016 година.

## Пензии

Во септември 2016 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 302.674 пензионери, што претставува зголемување од 1,6% во однос на истиот период минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е помал за 741 лице. Од вкупниот број пензионери, 61,3% се корисници на старосна пензија, 25,2% се корисници на семејна пензија и 13,3% се корисници на инвалидска пензија.




Просечната пензија во септември 2016 година изнесува 13.079 денари и е непроменета во однос на истиот месец минатата година. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во август 2016 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,6%.

Просечната старосна пензија во септември изнесува 14.425 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 11.794 денари, а просечната семејна пензија 10.414 денари. За исплата на пензиите во септември 2016 година се потрошени 3.857,93 милиони денари, што претставува 52,5% од вкупните социјални трансфери.

# МОНЕТАРЕН СЕКТОР

Во септември 2016 година, Народна банка на Република Македонија ја задржа основната каматна стапка на ниво од 4,0%, откако во мај 2016 година истата ја зголеми за 0,75 п.п. што се должи на зголемената побарувачка на девизи и притисоците врз депозитната база на банките, како последица на влошените очекувања на економските субјекти, предизвикани од нестабилната политичка состојба во земјата. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.




## Примарни пари

Во септември 2016 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 6,2% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства на банките од 7,9% и 4,6%, соодветно.

На месечно ниво, примарните пари регистрираа раст од 3,5%, при пад на готовите пари во оптек 1,3%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 8,6%.

## Депозитен потенцијал

Во септември 2016 година, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,4% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се намалија за 4,6%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,9%.

Од аспект на валутата, во септември 2016 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута и странска валута се намалија за 0,5% и 0,2%, соодветно.

Вкупниот депозитен потенцијал во септември 2016 година оствари раст од 4% на годишна основа. Анализирано според валутата депозитите во домашна валута и странска валута забележаа раст од 2% и 6,9%, соодветно.

Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 1,2% на годишно ниво, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за 10,8%.

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 0,9%, а долгорочните депозити регистрираа зголемување од 3,7%.

Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база кое изнесува 57,9%.

| **Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (септември 2016 година)** | **Во милиони денари** | **Месечна промена** | **Годишна промена** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | **302.828** | **-0,4%** | **4%** |
| Денари | *175.220* | -0,5% | 2% |
| Странска валута | *127.608* | -0,2% | 6,9% |
| Краткорочни | *146.499* | -0,7% | 0,9% |
| Долгорочни | *83.349* | 0,5% | 3,7% |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | **275.096** | **0,5%** | **2,5%** |
| Денари | *223.599* | *0,9%* | 4,8% |
| Странска валута | *51.497* | -1,2% | -6,5% |
| Краткорочни | *60.236* | 1,6% | -0,6% |
| Долгорочни | *193.355* | 0,6% | 10,9% |
| Сомнителни и спорни побарувања | *19.956* | -3,4% | -35,2% |

Извор: НБРМ

## Кредити на банките




Во септември 2016 година вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,5% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека во септември кредитите кон претпријатијата се зголемија за 0,4%, а кредитите кон домаќинствата за 0,7%. Од аспект на валутата, во септември 2016 година, денарските кредити регистрираа раст од 0,9%, а девизните кредити се намалија за 1,2% на месечно ниво.

На годишна основа, во септември 2016 година вкупните кредити се зголемија за 2,5%, во услови на пад на кредитите кон претпријатијата од 1,3% и раст на кредитите кон домаќинствата од 7,3%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 4,8%, додека кредитите во странска валута регистрираа пад од 6,5%.

Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,9%, а краткорочните кредити се намалија за 0,6%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во септември 2016 година, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,3% и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со претходниот месец. Каматните стапки на денарските и девизните кредити се непроменети на месечно ниво и изнесуваат 6,6% и 5,4%, соодветно.




Вкупната каматна стапка на депозитите во септември изнесува 1,8% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се исто така непроменети на месечно ниво и изнесуваат 2,5% и 1%, соодветно.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во септември 2016 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 14,4% на месечно ниво, како резултат на намалувањето на прометот од класичното тргување за 17,7%, како и намалувањето на прометот од блок трансакции за 1%.




Вкупниот промет на берзата во септември 2016 година изнесуваше 157 милиони денари што претставува намалување за 0,8% на годишно ниво. Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во септември 2016 година изнесуваше 1.954,40 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 0,5%, додека во однос на истиот месец претходната година индексот е повисок за 14,7%.

## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на септември 2016 година изнесуваа 2.699 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемени за 22,4 милиони евра, додека во однос на септември 2015 година се зголемени за 511,6 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев“ бр. 12, 1000 Скопје

www.finance.gov.mk